До

ДППД - **Коузон – Скопје**
Fire Aid – UK

Предмет: **И З Ј А В А**

за доброволно учество на проекети во странство и прифаќање на обврски и одговорности од времено доброволно работно ангажирање како Fire Watch во странство

Јас ____________________________________________________________ роден-а на _______________________ во__________________ со постојано место на живеење на Ул. __________________________ во _________________, со ЕМБГ ________________________ , под целосна материјална и кривична одговорност

**И З Ј А В У В А М дека:**

1. Самостојно по своја желба и волја пристапив кон членство во ДППД “ Коузон “ – Скопје и поминав обука за Fire Watcher со цел да се вклучам во доброволни активности организирани од ДППД „ Коузон “ во Македонија и заради личен интерес да учествувам на проекти во странство за  времено доброволно работното ангажирање како Fire Watch.

2. За време на обуката бев целосно и во детали информиран-а за условите и одговорностите кои ќе следат по моето пристапување кон ДППД „Коузон “ како и кон временото доброволно работно ангажирање во странство.

3. На еднодневната бесплатна обука организирана од ДППД “Коузон“ - Скопје и одговорните лица од Fire Aid од Англија, ги добив сите потребни информации за задолженијата како Fire Watcher на работни проекти за реновирање на бродови укотвени на пристаништа во странство и во детали ми беа објаснети сите обврски, работни задачи и одговорностите кои ги носи работната позиција како Fire Watcher. За време на обуката поминав и практичен дел на полигонот за обука на пожарникари и се запознав со сите постапки за брза интервеницијa и гасење на пожар со ПП апарти и други противпожарни средства.
Потврдувам дека по изведена обука од стручните лица на Fire Aid UK и тимот на ДППД “ Коузон “ – имам целосна самодоверба за независно и самостојно извршување на работните задачи како Fire Watcher / и доброволен пожарникар , и дека во целост сум запознаен со потребата од користење на заштитна опрема, начинот на употреба на средствата за ПП заштита и гасење на пожар , и целосно сум свесен за опасностите кои произлегуваат од постапувањето при потреба од интервенција за гасење на пожар на позициите на кои би бил упатен. Се чувствувам максимално спемен-а да го дадам својот придонес како одговорно лица за ПП заштита на објектот/просторот каде ќе

бидам назначен за извршување на работни обврски како доброволен пожарникар-Fire Watcher.

4. Свесно, без никакво надворешно влијание, при здрава свест и разум, ги прифаќам одговорностите и обврските кои ќе следат по моето доброволно работно ангажирање на бродот на кој ќе се извршуваат активности за неговото реновирање и посветено ќе ги извршувам доделените задачи.
Изјавувам дека сум психо-физички спремен-а за понудениот работен ангажман и дека максимално одговорно ќе пристапам кон извршување на доверените задачи како Firewatcher.

5. Одговорно изјавувам дека спремноста за учество на доброволни проекти за времен работен ангажман во сранство ќе ја потврдувам во писмена форма – со испраќање на е-маил до ДППД КОУЗОН ( користејќи го е-маилот fire@kouzon.com.mk ). Во случај на откажување на моето патување до дестинацијата каде што ќе се реалира проектот за кој се пројавив, свесно ја прифаќам одговорноста да бидам обврзан да извршам компензација на финансискиот трошок за авионската карта купена на мое име за патување до дестинацијата каде ќе се реализира работниот проект за кој сум се пријавил.
Исплатата на настаната финансиска штета , ќе ја извршам по добиената ф-ра за неискористената авионска карта. * Исклучок се само случаите кои се поврзани со спреченост за патување заради болест или смртен случај на близок родниана.
За наведените исклучоци , се обврзувам да доставам писмен доказ – лакарко уверение за болест или извод на починатите – во случај на смтрен случај.

6. Одговорно изјавувам дека прифаќам да бидам отпуштен-а од доброволното работно ангажирање во странство во случај да не ги почитувам работните обврски кои се дел од задачите кои ќе ми бидат доверени како Firewatcher или ако моите претпоставени супервизори проценат дека моето работно ангажирање не ги исполнува стандардите и очекувањата.
Во овој случај прифаќам, патните трошоци за мое враќање во Македонија да бидат за моја сметка те. лично да ги платам или да ги надоместам со средстават кои Fire Aid UK ќе треба да ми ги исплати за доброволното работно ангажирање според одработените работни денови.

7. Информиран-а сум и прифаќам да бидам сместен-а на брод во кабина со други лица или алтернативно сместување во близина на работното место во пристаништето каде што ќе се изведува мојот доброволен работен проект. Одговорно изјавувам дека максимално ќе го почитувам куќниот ред на бродот и местото на сместување и ќе се придржувам кон условите за престој и хигиена.

8. Свесен-а сум и предупреден-а дека немам никакво право да присвојувам туѓи добра, материјали или било какви реквизити кои ќе ми бидат ставени на располагање за време за работниот ангажман, во спротивно ќе одговарам за стореното според важечкиот закон во ЕУ или државата каде што ќе се изведува работениот проект на кој ќе бидам

поканет доброволно да учествувам.
Во случај на констатиран прекршок по овој основ, знам дека ќе бидам пријавен на локалната полиција и дека ќе бидам депортиран во Македонија за своја сметка ( сите патни трошоци паѓаат на мој товар )

9. Свесен-а сум и информиран-а за тежината и сериозноста на моите обврски и работни задачи и одговорноста што ќе ја имам за целосно, максимално и професионално извршување на истите. Во случај на игнорирање на стандардите и нормите за однесување , или во случај не извршување т.е запоставување на работните задачи се предизвика одредена материјална или нематеријална штета на бродот на кој ќе бидам ангажиран/а, исвестен-а сум дека ќе сносам материјална и кривична одговорност според важечките закони на ЕУ или државата во која ќе се изведува проектот. Воедно се согласувам направената штета да ја компензирам во финансиска вредност.

10. Информиран-а сум и прифаќам дека за време на работното време и извршувањето на работните задачи на бродот НЕМА толеранција за консумирање алкохол т.е не смеам да бидам под дејство на алкохол (толеранцијата е 0,2 промили). Информиран-а сум дека работодавецот има право и може да направи проверка за % на алкохол во крвта и тоа по случаен избор. Во случај да бидам избран-а за проверка на % на алкохол во крвта и биде констатирано дека имам алкохол над дозволениот максимум, прифаќам да сносам последици според важечките закони на ЕУ и веднаш да бидам депортиран-а за своја сметка и трошок.
Информирам сум дека е строго забрането поседување, користење или дистрибуција на недозволени супстанци и наркотични средства на бродот и во опкружувањето во кое ќе живеам и работам за време на учеството на прокетите во странство и знам дека сум обвсразн да пријавам до моите претпоставени случаеви ако некој друг во мое опкружување користи или продава вакви супстанци.
Непридржувањето кон ова барање т.е прикривањето или учеството во ова забрањето дејство , знам дека ќе биде групо прекршување на работната дисциплина и ќе бидам веднаш отстранет од проектот и ќе сносам целосна лична, материјална и кривична одговорност според законската регулатива во државата во која ќе работиме.

11. Во случај да направам одредена материјална штета или да нанесам лична штета на некој од колегите или другите вработени на бродот при моето работно ангажирање, прифаќам истата да ја надоместам во целост.

12. Во случај да изгубам или оштетам дел од униформата или материјално-техничките добра (алати) со кои ќе бидам задолжен-а, прифаќам штетата да ја надоместам во целост.

13. Во случај на вербална или физичка расправија со некој од колегите или останатите работници на бродот, прифаќам веднаш да бидам одстранет-а од бродот за моја сметка.

14. **Свесно и одговорно прифаќам да ми бидат доделени и други работни обврски** според потребите на работодавецот т.е на надлежните лица од бродската компанија или Fire Aid, UK и да прифатам продолжување или скратување на работниот ангажман во

зависност од потребата на Fire Aid UK и бродската компанија за која ќе работам како Fire Watcher.

15. **Максимално и одговорно прифаќам да ја почитувам работната дисциплина** која ќе биде поставена од страна на директните работодавци (бродската компанија) и надлежните лица од Fire Aid, UK и прифаќам моето работење да биде евалуирано ( оценето ) од моите претпоставени.
* Знам и прифаќам дека треба да ги внесам сите мои податоци во системот за евиденција на Fire Aid – UK , и со тоа се согласувам истите да бидат користени од нивна страна за потребите на проектите што ќе следат или други причини поврзани со мојот работен ангажман на проекти во странство.
Исто така прифаќам , да бидам на фотографии од патувањата и работните ангажмани на работните проекти и се согласуватм истите да бидат објавени на социјалните мрежи .

16. **Свесно и одговорно го прифаќам моралниот кодекс на однесување** за време на престојот на бродот каде е и доброволниот работен ангажман. Се согласувам да работам и живеам под условите кои генерално ги нуди секоја бродска компанија и офицерите на бродот и Fire Aid - UK.

17. Свесен-а сум и се согласувам мојот доброволен работен ангажман да биде во смени и тоа од по 12 часа ( со прекини за одмор ) , распоредени по временски интервали од 07-19 часот и од 19-07 часот ( дневна-ноќна смена )

18. Се согласувам платата (финансискиот надоместок) за мојот доброволен работен ангажман според договорот да ми биде исплатен на крајот на успешно завршениот целокупен работен ангажман на моја сметка во Македонија. * Исплатат ќе се врши во денари на моја сметка во МКД, а за трансферираната сума ДППД „ Коузон “ ќе го плати персоналниот данок на приход во висина од 11.11%

19. Сите документи за моето доброволно ангажирање, сите коресподенции со Коузон и Fire Aid се доверливи и заштитени. Се обврзувам да не ги делам во јавност или со други лица.
Знам и ја прифаќам одговорноста дека без претходна дозвола не смее да се објавуваат фотографии, видеа, live streams или содржини од restricted areas ( crew areas,машинскиот дел на бродот , безбедносните системи за мониторинг и сл ) на бродот на кој ќе бидам доброволно работно ангажиран-а, во целост ќе ги почитувам сите безбедносни процедури и ќе спроведувам активности согласно рабвотните задачи доделени од Fire Aid – UK.

20. **ПРИФАЌАМ да сносам финансиски последици** и да ги надоместам изгубени средставо во случај на : 1. Откажување на патување во странство по добивање на Авионска карта , издадена од Коузон 2. Откажување од патување во стравство , по добивање на Авионска карта , купена од бродската компанија . 3. Непојавување на аеродром , или заради моја грешка пропуштен авионски лет. 4. Оштетување на доделената опрема 5. Направена материјална штета со непрофесионално однесување

кон работните задачи , или не постапување според доделените работни обврски од страна на бродската компанија каде ќе бидам доброволно ангажиран, 6. Нематеријална штета од мое непојавување на работната позиција/задача , заради успивање или самоволно заминување од бродот/државата во која ќе бидам упатен на доброволен работен проект.
7. **Во целост се согласувам** дека ќе бидам одговорен за користење на службени уреди, комуникациска опрема, радио станици и останата доделена опрема за извршување на работните обврски на проектите во странство ти тоа согласно инструкциите на супервизорите и во случај на оштетување или губење, согласен сум да ги платам направените штети според доставената ф-ра од Fire Aid UK или да ми бидат задржани средства од реализираниот проект на кој сум учествувал.

21. **МЕДИЦИНСКО ОСИГУРУВАЊЕ** – информиран-а сум и прифаќам дека , мојот престој во странство ќе биде покриен со приватно здравствено осигурување издадено од осигурителна компанија во Македонија. Знам дека тоа осигурување ќе биде на мое име , и дека јас ќе бидам носител на правата на осигурувањето. Во тој контекст прифаќам, лично да се запознаам со бенефитите од тоа осигурување и да ги осознаам сите обврски кои ги имам во случај на потреба од активирање на истото.ДППД Коузон Скопје , и Fire Aid UK , нема да сносат никаква одговорност во случај на повреда за време на доброволното работно ангажирање и сите обврски спрема здравствените институции кои ќе пристапат кон мое лекување ( санирање на повреда и сл ) ќе бидат направени/покриени од мене т.е од осигурителната компанија по презентирањето на доказите кои истата ќе ги побара од мене.
Знам дека е моја лична обврска да го пријава активирањето на осигурувањето во асистентскиот центар **- CORIS ASSISTANCE (тел.бр.: + 0381 11 3636905** или е.маил: corismk@coris.rs ) и постапи согласно инструкциите добиени од асистентскиот центар. Знам и прифаќам да внимавам на начелото за задолжителна франшиза за штети предизвикани од гастроентеритис за вон европски земји и Република Турција.

**НАПОМЕНА:**

Максимална обврска на осигурувачот по осигурено лице изнесува 30.000 евра за сите осигурени ризици.
Во случај на активирање на полисата за здравствено осигурување , на одредени дестинации во светот , медицинската установа може да побара од мене да го платам

22. **ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК за доброволното работно ангажирање** – информиран-а сум и прифаќам дека финансискиот надоместок ќе биде исплатен од страна на Fire Aid UK на сметка на **ДППД Коузон – Скопје** , и тоа во период до 3 недели по завршувањето на мојот доброволен работен ангажман во странство ( сите прашања во врска со исплатата , ќе ги упатувам спрема ДППД Коузон.
Знам и прифаќам дека трошоците што би ги имал за храна и превоз ќе ми бидат исплатени на сметка во Македонија според доставените фискални сметки од ресторан или други продажни место ( во сметките несмее да се појави трошок за алкохол ).Знам и прифаќам дека овој надоместок за храна е лимитиран на max 30 евра за престој на

аеродром подолг од 4 до 12 часа во транзит зона.
Знам и прифаќам дека за финансискиот надоместок за храна и патарина, не следува покривање на данокот на приход и во случај на потреба тој дел ќе биде моја обврска.
Знам и прифаќам , дневниот надомест за моето работење да биде утврден врз основа на категориите кои ги има поставено Fire Aid – UK и тоа:
**Категорија 1** – за учество до 5 проекти во една година – усплата од 42 евра нето на по работен ден
**Категорија 2**- за учество на повеќе од 6 проекти во текот на една година , и процечна оцена за работниот ангажман од 4.5 поедни , - исплатата ќе виде 50 евра за работен ден
**Категорија 3** – Тим лидер и Fire Guards со покажани исклучителни резултати во работењето , според оценката на минимун 2-ца супервисори од Fire Air- UK , исплатата ќе биде 58 евра по работен ден .
**Категорија 4 –** за супервизори ( по посебен договор за работно ангажирање како супервисор склучен со Fire Aid – UK ).
**ДЕНОВИ за патување до работниот проект и враќање во Македонија –**
**Fire Aid – UK** ќе изврши надоместок во висина од 35 евра во денарска противвредност – за денот кој ќе биде искористен за патување до дестинацијата каде ќе се изведува проектот , и со ист авредност ќе се компензира и денот за враќање во Македонија . * **По проект ќе се исплаќаат 2 ТРАВЕЛ ДЕНОВИ** . Исклучок од ова правило ќе бидат екстремни случаи кога заради повеќе авионски конекции , би се патувало повеќе од 48 час , во тој случај исплатата би била соодветна на 2 дена за патување.
**ПОКРИВАЊЕ на трошоци за доаѓање до Аеродромот во Скопје –**
Fire Aid UK – ќе изврши надоместок за патни трошоци од местото на живеење до аеродромот во Скопје за секој FG кој ќе патува индивидуално со свое превозно средство или со јавен превоз според следнава скала на надоместоци :
1. Од Скопје и градови кои гравитираат околу Скопскиот регион – т.е градови кои се оддалечени од аеродромот до 100 км – 15 евра по правец.
2. За градови кои се оддалечени повеќе од **101-150 км од Скопскиот Аеродром** , надоместокот е 20 евра во правец
3. За градови кои се оддалечени над 150 км од Скопскиот аредором – надоместокот е 25 евра по правец.
4. За поединечни патувања кои се поврзани со посебни проектни задачи – одобрувањето за транспортни трошоци по правец е 40 евра .

23. Информиран-а сум и прифаќам сите финансиски обврски настанати попатно од патувањето до и од местото на изведување на проектот за кој доброволно се пријавувам да учествувам, ќе бидат за моја сметка. Исто така доколку за време на моето патување направам некој престап спрема Државата ( Државите ) во која ќе престојувам , ќе ја прифатам глобата како моја обврска..
**Со потпишувањето на оваа изјава давам согласност фотографиите и видео материјалите на кои сум прикажан за време на проектите во Македонија и странство** да можат да бидат користени за промотивни, маркетинг и информативни цели од страна на ДППД Коузон и Fire Aid UK без дополнителен надомест.
* **Потврдувам дека немам здравствени проблеми и состојби кои би можеле да**

**претставуваат ризик за мене** или за другите учесници за време на проектот на кој ќе учествувам . Се обврзувам дека ќе пријавам дека има промена во мојата здравствена состојба пред заминувањето на работниот проект во странство (преку испраќање на е-маил и во писмена форма со допис до ДППД Коузон Скопје ) посебно во случаи кога здравствената состојба која ја има ме обврзува да користам лекови од терапија , или времено користење на лекарства заради санација на предходен здравствен проблем.

24. **Оваа ИЗЈАВА ја давам при здрава свест и разум, без никакво надворешно влијание или притисок и зад неа стојам со целосна материјална и кривична одговорност.** Истата може да послужи како доказ во случај на потреба или спор пред надлежните институции во Р. Северна Македонија или државите во кои ќе престојувам. Коузон Вработување – Скопје, како правно лице – неформален посредник во моето доброволно времено работно ангажирање спрема компанијата Fire Aid од Англија, ги задржува правата да ги измени условите за временото ангажирање, или да промени дел или во целост некои од условите за вработувањето, а се во склад со реално настанатите ситуации.

Со потпишувањето на оваа изјава , се согласувам истата да има полна доказна сила и правна важност , и истата може да се користи во случај на правен спор пред надлежните институции во Република Северна Македонија .

Изјавил ______________________________ во ____________ на ден __________

Претставник на ДППД Коузон : ___________________________________